ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
**АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ**
СКОПЈЕ

Општинско основно училиште
„Александар Македонски"
Општина Аеродром
Ул. 1612 бр.4, 1000 Скопје
Тел: +3892 6152-513
aleksandar.makedonski5@yahoo.com
ooualeksandarmakedonski.edu.mk

Согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта број 12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од страна на Министерот за образование и наука на РСМ, ООУ „Александар Македонски" - Општина Аеродром, Скопје објавува

**ОГЛАС**
**за прибирање на понуди за организирање на ученички екскурзии за учебната 2023/2024 година**

1. КОРИСНИК ООУ „Александар Македонски" со седиште на ул. „1612" бр.4 – Општина Аеродром, Скопје, тел./факс 02 6152-513

2. ПОНУДУВАЧ Право да поднесе барање за организирање на екскурзии и други слободни активности на учениците има секое заинтересирано правно лице кое е регистрирано за вршење на дејност согласно со предметот на договорот.

3. ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ Е ДЕЛИВ, А СЕ ОДНЕСУВА НА:

   - Еднодневен есенски излет за ученици од I-IX одделение
   - Еднодневен пролетен излет за ученици од I-IX одделение
   - Еднодневна екскурзија за ученици од III одделение
   - Настава во природа за учениците од V одделение
   - Дводневна екскурзија за ученици од VI одделение
   - Тридневна екскурзија за ученици од IX одделение

4. Екскурзиите се реализираат за учебната 2023/24 година по добиена согласност од БРО и Општина Аеродром

Корисникот ќе избере најповолен понудувач по пат на прибирање на писмени понуди. Понудувачот треба понудите да ги достави на документација потпишана и заверена од страна на корисникот.
Учесници на јавниот оглас за прибирање на понуди за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности, можат да бидат сите туристички агенции кои ги исполнуваат условите согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта.
Документација во која подетално се наведени бараните услуги кои што се предмет на договорот како и другите услови кои што задолжително мора да ги исполнуваат понудувачите, може да подигне само овластено лице од страна понудувачот секој работен ден од 09:00 до 12:00 часот во архивата на ООУ „Александар Македонски" (кај секретарот).
Понудата која нема да биде доставена на документацијата потпишана и заверена од страна на понудувачот, како и понуда која нема да ги содржи сите потребни документи ќе се смета за некомплетна и како таква нема да биде разгледувана.
Понудите да бидат доставени најдоцна до 02.10.2023 година до 13:00 часот во архивата на училиштето (кај секретарот),со назнака Комисија за прибирање понуди за екскурзии а јавното отворање на понудите е на 02.10.2023 година во 14:00 часот во просториите на ООУ „Александар Македонски".
Сите понуди кои ќе пристигнат подоцна нема да се разгледуваат.

ООУ „Александар Македонски"
ул. „1612" бр.4, Скопје
Претседател на Комисија за
прибирање на понуди за екскурзии